| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Водата живот значи |
| **Содржина на денот** | Водата ни е потребна |
| **Возраст** | 3-4 години |
| **Воспитувач** | Весна Пецева |
| **Дневни активности** | |
| **Здрави и безбедни навики** | Разговор за значењето на чистата вода за хигиената и нејзино штедење во домот (да се затвора чешмата, да се користи внимателно и сл.). |
| **Активности** | 1. Разговор за значењето на водата и за што се користи,<br>Со помош на слики, детето се насочува кон секојдневната примена на водата во домот( за миење, чистење, перење, готвење и сл). Потоа се разговара за тоа кој пие вода (луѓето, животните и растенијата). Пред детето се поставува една чаша со вода и се поттикнува да ја набљудува и да ја опишува (боја, вкус, мирис). Со разновидни предмети од домот може да се организираат неколку едноставни истражувачки активности за откривање на својствата на водата (на пример да се стави вода во пластична чаша, во замрзнувач, да се стави вода во некој сад и да се пуштаат во водата разновидни предмети (гравче, лажица, топче и сл.) и да се разговара кои предмети пливаат, а кои тонат. Доколку детето има инерес може да се вклучи во секојдневните активности во домот во кои се користи водата (да ги мие своите играчки, да помага за миење садови, да се полеваат цвеќињата или да се остави вода за мачето или кучето и сл.). |